12 - 221/2
09 02. 5

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 36. седница одржана на 29.01.2015 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Природно-математички факултет
СКОПЈЕ
Примено: 18.02.2015
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
02-1614/6

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Географски информациски системи", прв циклус четиригодишни студии на Природно математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Географски информациски системи", прв циклус четиригодишни студии на Природно математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран географ - географски информациски системи, Bachelor of Science in Geography - Geografical Information Sistems, BSc. Geographer - GIS,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, научно - истражувачко поле: Географија, научно - истражувачка област: Географски информациски системи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Природно - математички факултет Скопје, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје за организирање прв циклус четиригодишна студиска програма „Географски информациски системи", на 15.12.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на

високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на меѓуседница 35/36, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 36. седница одржана на 29.01.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски